РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВИНИЦА
СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, ЗЖС, Комунални дејности и ЛЕР

БР.11 – 372/4
од 29.07.2026 год.
Виница

Градоначалникот на Општина Виница, решавајќи по барањето на Друштво за проектирање и услуги ПЛАН ДИЗАЈН ДОО Скопје,, заверено под број 11-372 од 03.07.2026 година, за одобрување на проектна програма, врз основа на член 44 став 7 и член 62 став 3 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20,111/23, 171/24, 224/24, 40/25 и 101/25,127/25), го издава следното:

РЕШЕНИЕ

Се одобрува **Проектна програма, со технички број 242/2026** од **Јули 2026 година** изработена од,, Друштво за проектирање и услуги ПЛАН ДИЗАЈН ДОО Скопје,, за изработка на **УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА м.в. САЛИОВА ЛИВАДА, с. ГРАДЕЦ, ОПШТИНА ВИНИЦА.**

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот ,, Друштво за проектирање и услуги ПЛАН ДИЗАЈН ДОО Скопје,, поднесе барање за одобрување на **Проектна програма** со технички бр. **242/2026 од Јули 2026 година** изработена од ,,**Друштво за проектирање и услуги ПЛАН ДИЗАЈН ДОО Скопје,,** за изработка на **УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА м.в. САЛИОВА ЛИВАДА, с. ГРАДЕЦ, ОПШТИНА ВИНИЦА.**

Со барањето ја приложи следната документација и докази:

1. Проектна програма (pdf)

2. Проектна програма (dwg)

3.Ажурирана геодетска подлога

4.Полномошно

5.Услови за планирање на просторот и Извод од ГУП

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВИНИЦА
СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, ЗЖС, Комунални дејности и ЛЕР

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на општина Виница со Решение бр. 03-1307 од 31.12.2025 година, по проучувањето на приложената документација со барањето и извршениот увид, констатира дека барањето е основано

И Проектната програма може да се одобри. Истото го потврди со Предлог одобрување со бр. 11-372/3 од 28.07.2026 година.

Градоначалникот на општина Виница по извршениот увид на приложената документација со барањето и предлогот од Комисијата за урбанизам констатира дека барањето е основано и се исполнети условите од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр. 32/20,111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25,127/25). Врз основа на тоа, а согласно член 44 став 7 од Законот за урбанистичко планирање донесе решение како во диспозитивот.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:

Против ова Решение, барателот може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одобрението до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

Жалбата се таксира со 250,00 ден. административни такси

Изработил:Јована Јанева маг.инж.арх.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ОПШТИНА ВИНИЦА

ГРАДОНАЧАЛНИК

Mitko Kostadinovski

Digitally signed by Mitko Kostadinovski
Date: 2026.07.29 10:28:25 +02'00'